

Генералното собрание на Обединетите нации во 1954 година го означи 20 Ноември како Светски ден на детето, кој има за цел да обезбеди благосостојба на децата низ светот и да ги потсети возрасните дека децата како рамноправни членови на секое општество имаат свои права и истите треба да се почитуваат.
По тој повод, НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола го одбележа 20 Ноември - Светскиот ден на детето, преку онлајн работилница со учениците од III-4 од ОУ„Тодор Ангелевски“ - Битола под менторство на наставничката Драгана Шерденков.

Учениците ни подготвија и прочитаа нивни авторски песнички посветени на детето, а истите ги збогатија со прекрасни цртежи на кои доминираа децата, виножитото и срцето. Кога ги запрашавме што им  симболизира срцето, тие сите одговорија дека тоа им симболизира другарство и љубов кон другите деца. Дека сакаат да другаруваат и нивното другарство ништо да не може да го спречи.

Подготвил: м-р Гордана Ѓоргиевска-Неделковски

Повеќе фотографии од овој настан на следниот линк:  NUUB Facebook